10

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-17/2023

Дата. 04-10-2023

**До**: Македонски информативен центар

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со претставката доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање заведена под архивски број УПП-17/2023 на ден 31.08.2023 година од страна на група граѓани од општина Тетово, Дреновец-Порој, населба наречена Циглана, Ве замолуваме да го објавите исходот од постапување по претставката од страна на Секторот за правни и општи работи на веб страната на МЖСПП со цел јавноста да има увид во истото.

Со почит,

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-17/2023
Дата.____________
04 -10- 2023

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр. УПП-17/2023 од 31.08.2023 година доставена од страна на група граѓани од општина Тетово, Дреновец-Порој, населба наречена Циглана во врска со правниот субјект ДПТУ „Гемла Ентериери“ ДООЕЛ кој се занимава со вршење на дејност, производство на кујнски мебел.

Секторот за правни и општи работи на Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со предметната претставка заведена со архивски број УПП-17/2023 година доставена од страна на група граѓани од општина Тетово, Дреновец-Порој, населба наречена Циглана во врска со правниот субјект ДПТУ „Гемла Ентериери“ ДООЕЛ кој нелегално се занимава со иврушување на претходнонаведената дејност согласно наводите на подносителот, достави по службена должност Барање на мислење до општина Тетово – Инспекторат за животна средина , да се произнесе по основ на истото и да не извести во најкраток можен рок. Овластениот општински инспектор за животна средина, Сациде Реџа во врска со предметната претставка врз основа на извршен вонреден инспекциски надзор и констатирана фактичка состојба со Записник бр.22-462 од 19.09.2023 година се произнесепо службена должност со следниот исход од постапувањето:

- согласно член 203 став (1) точка 4 од Законот за животна средина, на правниот субјект ДПТУ „Гемла Ентериери“ ДООЕЛ со седиште на ул.„Дреновец“-Порој бр.10. општина Тетово, кој се занимава со вршење на дејност, производство на кујнски мебел со Решение бр.22-462 од 20.09.2023 година му се изрекува мерка забрана за вршење на дејност -производство на кујнски мебел, имајќи предвид дека истата ја извршува без минималнитехничко-технолошки услови, без никаква дозвола за вршење на дејноста, без Елаборат за заштита на животната средина како и да превземе мерки за отстранување на недостатоците утврдени со Записник бр.22-462 од 19.09.2023 година


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од ова решение стапува на сила веднаш по приемот на решението
- жалбата не го одлага извршувањето на решението согласно член 208 од Законот за заштита на животната средина
- непостапувањето по ова решение претставува прекршок согласно член 212-е став (1) точка 17 и член 212-е став (4) од Законот за животна средина.

**По овластување на Министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk